РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17-48/2
10.07.2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Управување со системи за безбедност и здравје при работа" втор циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Управување со системи за безбедност и здравје при работа" втор циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер на технички науки од областа на безбедност при работа,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: Машинство, Индустриско инженерство, Животна средина, Менаџмент и организациони науки и управување (менаџмент), Научно истражувачка област: Производно Машинство, технологии и системи, планирање, проучување на факторите на работната средина и заштита на работа, организација на технолошки процеси, организација на административни процеси и области од наведените научно-истражувачки полиња согласно изуцуваните предметни програми во студиската програма, како и области кои кореспондираат на изучуванаите предемтни програми во студиската програма, а припаѓаат во научно-истражувачки полиња кои не се наведени.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
# НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Машински факултет Скопје, втор циклус студиска програма „Управување со системи за безбедност и здравје при работа", на 08.02.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.


Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 10.07.2012

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 645/14 | | |


Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков